БАС
Бизнис Академија Смилевски

# ИЗВЕШТАЈ за РАБОТИЛНИЦА
# ДИДАКТИКА ЗА ЕФЕКТИВНА АКАДЕМСКА НАСТАВА (ДЕАН)

**Целна група:** Наставниците на БАС и заинтересирани кандидати за наставници на БАС или други високообразовни организации.

**Цел:** Развивање ставови за студентски фокусирана академска настава и компетенции за дизајн, подготовка и испорака на високоефективна академска настава.

**Процес на обуката:**

1. Обучувачки работилници по модули
2. Од дидактика кон методика: Менторирано хоспитирање во БАС
3. Испитна хабилитациона работилница

**Временска рамка:**
1. Обучувачки работилници: 1-3 февруари 2020 година.
2. Хоспитирање: март-април (Скопје, Битола)
3. Испитна хабилитациона работилница: мај (ДДС) – јуни (ПДС)

**Место**: Битола

**Обучувачко-академски тим:**
1. Проф. д-р Цветко Смилевски, водач на тимот
2. Доц. д-р Гордана Тасевска
3. Горазд Смилевски

**Програмски модули**

***ДЕАН-1: Модел на ефективна академска настава***: Општо концепт на настава фокусирана на студентот; партнерски односи; одговорности на наставникот; влијание на содржината врз методиката: како да се премине од ДЕАН кон МЕАН (Методика на ефективна академска настава).

***ДЕАН-2: Компетенции и цели на студирањето***: Важност на познавање на комптенциите за кои се подготвува студентот; комплментарност наспроти конкуретност на наставните предмети во студиската прогарама; Опеарционално дефиниарање на целите на студирањето (Блумова таксономија).

***ДЕАН-3: Форми на ефективна академска настава:*** Формата како ситуационен амбиент; таксономија на формите (класична: предавања и вежби; современи форми: интегрирана настава, теренска студнтска практика, далечинско студирање, синергирано студирање и сл.).

***ДЕАН-4: Стратегии на учење***: Општо – поим и функција на стратегиите; Таксономија на стратегиите (примери: проблемска настава, лабораториска настава, студии на случај; симулации ...).

***ДЕАН-5: Извори и средства во академското образование***. Учењето како комуникација; извори и нивна достапност; работа со изворите; медиуми и нивна функционалност.

***ДЕАН-6: Испити и тестови во академското образование***. Функции на оценувањето; компоненти на оценката; мерење и мерливост; тестови и нивна изработка; оценуавње на другите компоненти.

***ДЕАН-7: Кон академска одличност***: Систем на обезбедување квалитет во вискообразовните организации

## Вовед:

Во рамките на континуираниот професионален развој на наставниот кадар и стремежот кон академска одличност, беше реализирана обука посветена на методиката на ефективна академска настава – МЕАН. Обуката се состоеше од 7 модули (ДЕАН-1 до ДЕАН-7) кои ги опфатија сите клучни аспекти на современото високо образование, со акцент на студентот како активен субјект во процесот на учење.

## Преглед на програмските модули:

### ДЕАН-1: Модел на ефективна академска настава

Овој модул даде преглед на општиот концепт на настава фокусирана на студентот. Особено беше нагласена потребата од партнерски однос меѓу наставникот и студентот и промената на улогата на наставникот од предавач во фасилитатор. Преку примери и дискусии беше обработено како содржината директно влијае врз методиката на изведување, како и преминот од ДЕАН кон МЕАН.

**ДЕАН-2: Компетенции и цели на студирањето**

Модулот ги разгледа компетенциите кои студентите треба да ги развијат, според студиската програма, и нивната поврзаност со наставните предмети. Акцентот беше ставен на комплементарноста на предметите и операционализација на целите преку Блумовата таксономија, што даде основа за структурирано и резултат-ориентирано предавање.

**ДЕАН-3: Форми на ефективна академска настава**

Учесниците беа запознаени со таксономија на наставни форми, вклучително класични (предавања и вежби) и современи (интегрирана и теренска настава, далечинско и синергирано студирање). Се дискутираше за предностите и применливоста на секоја форма во одредени ситуации.

**ДЕАН-4: Стратегии на учење**

Овој модул опфати разни стратегии на учење како што се проблемската настава, лабораториската настава, студии на случај и симулации. Учесниците работеа на сценарија за примена на овие стратегии со цел активирање на студентот во наставниот процес.

**ДЕАН-5: Извори и средства во академското образование**

Се обработија видови извори, медиуми и нивната функционалност во академското образование. Посебно внимание беше посветено на дигиталните извори и нивната достапност, како и на развојот на дигитална писменост кај студентите.

**ДЕАН-6: Испити и тестови во академското образование**

Модулот се фокусираше на функциите на оценувањето, со посебен акцент на подготовка на тестови и валидни механизми за мерење на постигнувања. Беа презентирани алатки за креирање тестови и примери за алтернативни форми на оценување, вклучувајќи евалуација на учество и практична работа.

**ДЕАН-7: Кон академска одличност**

Завршниот модул ја објасни важноста на системот за обезбедување квалитет во високото образование. Беа дискутирани индикаторите за квалитет, интерната евалуација, надворешната акредитација и континуираното подобрување.

## Впечаток од обучувањето:

Учесниците покажаа високо ниво на вклученост, со активни дискусии, размена на искуства и примена на наученото во нивниот наставен контекст. Се развија конкретни идеи за подобрување на сопствената методика, а некои учесници веќе презентираа мини-планови за примена на МЕАН во наредниот семестар.

## Заклучоци и препораки:

- Неопходна е постојана професионална надградба на наставниот кадар.
- Наставниците треба активно да применуваат стратегии на учење кои го мотивираат и активираат студентот.
- Да се промовира континуирано користење на нови медиуми и извори за зголемена интерактивност во наставата.
- Да се охрабри внатрешната евалуација и рефлексија за наставната пракса со цел подобрување на академскиот квалитет.


ПСС - МЕРЗУКА
ПРОПУСТИ
САШО vs СОЊА
ПСС - Петко/Мира
МЕРЗУКА











# Информации за обуката:

**Реализатор:** Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје

**Обука:** Е-ДЕАН

**Група:** Наставен и административен кадар на БАС

**Обучувачи:** Проф. д-р Даниела Карадаков, Проф. д-р Гордана Тасевска, Пред. м-р Иван Ѓорѓиевски

**Датум:** 12.02.2021 г., 16.02.2021 г., 26.02.2021 г.

**Место:** ZOOM

# Извештај:

Обуката Е-ДЕАН произлезе од потребата да се подобри и осовремни наставниот процес реализиран online, а истовремено да се споделат добри практики и да се дадат конкретни насоки за понатамошно поквалитетно постапување.

На обуката и претходеше дијагностичка работилница која беше одржана на 13.01.2021 година, на која учествуваа постојано вработените наставници. Од дијагнозата произлегоа следниве резултати:

**Сегмент 1: Имам проблем – Барам решение**

- Кога е поголема групата (ПДС Бт) – недоволен преглед кој е се присутен до крајот на средбата.
- Евиденцијата од предавањата со print screen
- Пад на интернет конекцијата ја руши групната динамика
- Исклучување без дозвола (студенти, за време на средба)
- Немање на средби од ваков карактер во текот на годината
- Проблем со организацијата и запазување на роковите од страна на студентите
- Потреба од подобрување на методот за контрола за време на колоквиуми/испити. Зголемување на заштитните мерки
- Потреба да се убедуваат/молат студентите да вклучат камера.
- Присуството на час се изедначува со конектирање на видеоплатформата (губење на активноста)
- Стар модел на проектни извештаи
- Модел за настава за студентите на далечина

- Што да се прави во случај на технички проблем за време на испит од страна на професорот
- Како да се иницира повеќе дебата за време на часот
- Да се зголеми акцентот на важноста на предавањето иако е онлајн
- Вклучување на клиничари во предавањата
- Доцнење на почетокот на предавањата
- Breakout rooms и споделувањето на екранот одзема време
- Низок квалитет на проектните извештаи (Лошо средени, не знаат како да ги направат)
- Преголема хартиена папирологија
- Недостасува време за настава
- Можност за вклучување кај колегите во рамки на наставата
- Недоволна заинтересираност за презентирање на проектните извештаи
- Купени проектни извештаи
- Недоволно цитирана литература која постои во БАС (Основна и дополнителна)
- Да се креира модел за оценување на присуство и активност
- Препишување за време на испитите/колоквиуми
- Непрактикување на процесите при отсуства од страна на студентите
- Недоволна употреба на MOODLE алатките
- Непочитување и отстапување од правилата за настава од страна на дел од наставниот кадар и студентите
- „Неписменост“ кај студентите за групна работа-онлајн
- Недостасуваат правила за однесување онлајн
- Бавно администрирање на пријавите за испити
- Злоупотреба од страна на студентите под премисата „Ама кај другите професори, вака и вака“.
- Незаинтересираност на студентите за учество во наставата и групната работа
- Немање пракса на барање на онлајн решенија/алатки за користење во праксата
- Проблеми со реализацијата на ТСП
- Некористење на предвидените консултативни средби од страна на студентите
- Да се најде простор за казни во рамки на наставниот процес
- Злоупотреба на блискоста од страна на студентите

**Сегмент 2: Моја практика – Твое решение**

- Изработка на специфичен модел на проектни извештаи/задачи кој соодветствува на предметите/предметната програма со цел да се намали плагијаторството и зголеми квалитетот
- Дефинирање на конкретни наслови за проектни извештаи и конкретни задачи и насоки
- Посета на мудл „конференции“ од страна на кадарот

- Да се задава дополнителна вежба помеѓу наставни средби а потоа да има можност решенијата од дополнителните вежби да се вметнат во проектниот извештај
- Наоѓање на начини за да се слушне гласот (со прашања и потпрашања) на секој од студентите за време на наставните средби, да се започне од студенти кои се помалку активни
- Да се пополнуваат пријавите за испити на почетокот на семестарот
- Вклучување на студентите за заедничко решавање на зададени задачи за време на наставата
- Модел на „превртена“ училница
- Модел на испити со „искуствени“ прашања и неколку дополнителни контролни прашања
- Испити со „споделени“ екрани од сите студенти
- Да се пополнуваат пријавите со незавршените обврски од страна на студентите, а потоа ќе треба да пополни нова пријава
- Доказите (снимки/слики) од одржаните испити се ставаат на порталот во скриен формат за евиденција
- SHARE на DESKTOP наместо SHARE само на browser за време на испитот
- Исклучена опцијата за CHAT меѓу луѓе на ZOOM
- Различни групи на прашања во различни групи на различни квизови во еден испит
- Сите на UNMUTE
- До три опомени за време на испит и исклучување од испит
- Барање од студентите да го оценат своето присуство и активност за време на наставата по наставна средба
- Употреба на еден/единствен линк за сите средби споделен на порталот + како календарски настани
- 20 прашања за 20 минути за испит
- Користење на REACTIONS од ZOOM
- Натпреварувачки карактер за задачите особено во break-out rooms
- Каде е возможно, употреба на краток рок при испитите
- Евидентирање на присуство пред крај на средбата
- Употреба на звук за влегување/излегување од средбата на ZOOM
- Водење на транспарентна евиденција за присуство+активност за време на средбите
- Внесување на гости-предавачи во наставата
- По трета опомена за невклучена камера или кратење на поени за ПА или без поени за таа средба
- Често давање на домашни задачи со дополнителна мотивација за „заработка“ на дополнителни поени
- Сами да креираат настава - „Модел на превртена училница“
- Употреба на kahoot
- Употреба на дискусии наместо предавања
- Исклучување од zoom meeting
- Рандом прашања на испити

- Safe Exam Browser
- Професор наместо „полицаец“ за време на испити
- Ревидирање и адаптација на предавањата и презентациите за онлајн формат
- Адаптација на наставните средби во однос на моменталното расположение и енергија за време на средбата
- Споделување и разработка на истиот на пример за „добар“ проектен извештај за време на наставна средба со студентите
- На „првите“ предмети реализирани за нови студенти да им се даде фидбек за презентацијата и презентациските вештини
- Доделување на дел од наставната програма или лекција на студенти за презентирање за време на наставна средба
- Практика на одговарање на пораки од студенти во работно време без разлика на медиумот

Согласно резултатите добиени од дијагнозата, главниот фокус на обуката Е-ДЕАН, која опфаќаше три обучувачки работилници, беа следниве цели:

1) Подобрување и осовременување на online наставата во БАС;
2) Подобрување на квалитетот на проектните извештаи, можности за реализирање на испити, насоки за водење на евиденција;
3) Користење на online алатки.

Обучувачките работилници се реализираа во три засебни дена:

1) 12.02.2021 г. со фокус на првата цел, а под реализација на проф. д-р Даниела Карадаков. Оваа обучувачка работилница беше наменета само за наставниот кадар и на неа учествуваа вкупно 7 постојано вработени наставници, останатите беа оправдано отсутни;
2) 16.02.2021 г. со фокус на втората цел, а под реализација на проф. д-р Гордана Тасевска. Оваа обучувачка работилница беше наменета за наставниот и административниот кадар и на неа учествуваа вкупно 13 учесници;
3) 26.02.2021 г. со фокус на третата цел, а под реализација на пред. м-р Иван Ѓорѓиевски.

Методологијата која беше користена за време на обувачките работилници обезбедуваше интерактивност помеѓу учесниците, анализа на сопствената состојба и идентификување на мерки за подобрување, активно вклучување во повеќе дискусии преку кои практично се осознаваа одредени проблематики и сл.

Сите обучувачки работилници започнаа навремено со кратка вежба за создавање на атмосфера. Временските рамки беа флексибилни, во просек една обучувачка работилница траеше 2 часа.

**Е-ДЕАН – ДЕН 1: Подобрување и осовременување на online наставата**

Во насока на остварување на целта на оваа обучувачка работилница, беа реализирани следниве активности:

- Фокус на пирамидата на учење – согледување преку кои наставни методи студентите стекнуваат најмногу знаења;
- Насоки за успешна online реализација на методот „Превртена училница“
- Споделување на практики од примена на методот „Превртена училница“
- Насоки за успешна реализација на методот практично учење со фокус на поврзаност на наставата со практичната настава и презентирање на обврската и образецот за посета на партнерски организации;
- Дискусија за досегашните искуства од примена на методот на практично учење;
- Насоки за успешно спроведување на Online дискусиите за време на наставата и споделување на меѓусебни искуства;
- Насоки за успешно спроведување и комбинирање на останатите наставни методи;
- Фокус на современи современи методи за мотивирање, односно поттикнување на студентите на активно учество и тоа преку:
    - Storytelling – Раскажување на приказни
    - Користење на квизови за време на наставата;
    - Збогатување на наставата со користење на гости предавачи, истакнати стручњаци од практиката, афирмирани научници, визитинг професори;
- Улогата и насоки за задавање на домашни задачи за студентите;
- Насоки за развивање на online групна динамика.

Резултати од усна евалвација:

- Дел од работите прв пат ги слушаме, дел од работите се потсетивме на можноста каде може да ги имплементираме;
- Честитки за твојата техничка подготвеност и за начинот на кој што го користиш ZOOM-от и тоа баш ми е една идеја како треба да постапуваме и ние. Имаше работи кои ги применувам и некои кои прв пат ги слушам. Не само што ми отвори поле за размислување и идеи како да го конципирам она што ми треба, туку едноставно дека ние меѓу себе можеме да се дополнуваме на ваков начин, односно да ги споделуваме нашите искуства, не само проблеми, туку и начинот како нешто подготвуваме и како тоа да го осовремениме, од една идеја да надоврземе друга. Заедно сме посилни;
- Сите алатки што беа споменати буквално сите ги имам применето и не секогаш ми донеле онаков резултат каков што јас сакам. Овој предизвик бара големо прилагодување на ситуацијата од наша страна. Сфатив дека онлајн предавањата се развивање на вештини за прилагодување. Мора да се прилагодиме на ситуацијата, мора да се прилагодиме на групата со која работиме и на содржината што ќе ја

пренесуваме. Дел од моите предмети имаат содржини во кои што можат сите овие техники да се применат, а поголемиот дел од предметите верувајте дека ниту една метода која што досега е споменета, а од петни жили се обидував да ја имплементирам, не вродија со плод, не дадоа резултати заради тежината пред се на самата материја. Генерално убаво е да се слушне, едно потсетување, се ставено на едно место и се надеваме дека и понатаму ќе ги користиме и за други активности. Овие алатки се корисни и за секој тип на предавање. Честитки и за презентацијата, убаво срочено, убаво изгледа.

- Убаво е што се вклучив во обуката во една релаксирана атмосфера. Тешко може да се применат сите методи, експертите и другите лица повеќе може да помогнат за економските предмети. Треба да се следат трендовите, треба да вложуваме во нас. Обуките што ги спроведува БАС и ги организира Данче не постои никаков сомнеж.
- Честитки за презентацијата и за техничкиот, содржинскиот дел и за твоето презентирање. Дел од овие методи ги користиме, можеби не секогаш, за некои предмети е доста напорно да се подготвува за секој наставен час, особено ако се реализираат повеќе предмети.

Предлози за наредни обуки:

- Справување со предизвици и ситуации што ги носи самиот тек на наставата;
- Комуникација со студентите и справување со специфични студенти во наставниот процес;
- Користење на техники и алатки за презентирање;
- Наставни методи за специфични предмети (економски и математички предмети);
- Квалитет на проектни извештаи;

**Е-ДЕАН – ДЕН 2: Подобрување на квалитетот на проектните извештаи, можности за проверка на знаења и насоки за евиденции**

Во насока на остварување на целта на работилницата беа реализирани следниве активности:

- Теоретски инпут за значењето на проектните извештаи/ задачи
- Споделени индивидуални практики на наставниците од нивни примери на проектни извештаи
- Извлечени позитивни сознанија во насока на тезата ,, и моето – може да биде твое,, или т.н ,, мој проблем – твое решение
- Позитивни практики како можности и начини на проверувања на знаењата
- Договорни актвности околу администрација на обврските на наставниците и административната служба

Резултати од усна евалвација:

- Задоволство од ефикасноста на обуката
- Гордост што изградивеме личности кои можат да се носат со БАС. Обуката изобилуваше со позитивни практики
- Секој од секого научи
- Корисно, ефективнои пријатна тимска работа со индивидуални практики
- Добра порака за тоа што во иднина треба да се работи
- Честитки до тимот и Горде, устешно надоврзување од првата работилница со втората. Видовме Испревтена училница на лице место.
- Од работилницата што ја реализираше Данче видов и дополнив мои идеи, од оваа работилница зедов од секој по нешто, мн корисно
- Задоволство, искористување на искуството и одговор што понатаму
- Задоволство од активно учество на сите, најдобро прикажана и реализирана целта на обуката, ќе пробам дел од кажаното на другите
- Стручните знаења дојдоа до израз
- Корисно, убаво, споделени искуства, како за наставниците во поголем дел, така и за административната работа
- Недостасуваа клучни заклучоци , што да правиме понатаму,

На крајот реализаторот на обуката даде завршен збор:

- Целта на обуката е да нема унифицираност, потребно секој од секого да учи
- Битна е во овој случај формата, содржината произлегува од потребата на предметот и автономноста на наставникот
- ИТ администраторот потребно е да изработи насловна страна за потребите на проектните извештаи
- Искуствата од начините на оценување во третата работилница од овој сериал ќе бидат проткаени со можности на ИТ технологијата и порталот што се користи
- Од самата обука проеизлезе иницијатива за нареден сериал обуки на ДЕАН, во физички услови и можност со поголема временска рамка и меѓусебна соработка

**Е-ДЕАН – ДЕН 3: Употреба на онлајн алатки во наставата и електронската комуникација**

Третата работилница во рамки на Е-ДЕАН беше пред се́ наменета за разгледување на нови и подобрени можности и онлајн алатки во комуникацијата и изведбата на наставата на БАС.

Програмата за оваа работилница е дадена во продолжение:

- Вовед во работилницата и загревање:
  - Прашање за загревање: Како да си го олеснам животот на порталот?
- Плагиноманија:
  - Презентација на можностите на H5P – алатка за креирање на интерактивни активности

    - Презентација на алатката за оценка на присуство – Attendance
    - Презентација на HTML блокови
- Како да си го олеснам мојот он-лајн живот на БАС:
    - Предмети и администрација
        - Подготовка
            - Импортирање на материјали и upload на постоечки
            - Споделување и креирање на recurring zoom link
            - Креирање на календарски настани и споделување преку HTML блок
        - Настава (За време на одржување на предметите)
            - Академска администрација (Трикови и олеснувања)
            - Евиденција на испити и прегледи
            - Задачи
            - Оценување на присуство и активнхост
            - Објава на вести (форум)
        - По комплетирање на предмет
            - Евиденција од предметот (испит, присуство и активност, проектен извештај)
            - Бекапирање на предмети
            - Евалуација и пријави за испити
- Одговори на прашања и грижи во однос на воведување на новиот софтвер
- Разни предизвици и прашања

Присутните споделуваа свои размислувања за предизвиците, проблемите, потешкотиите и даваа насоки за како да се подобри работењето со порталот (ите) на БАС.

Резултати од прашањето за загревање: *Како да си го олеснам животот на порталот?*

- Многу опции ни нуди порталот – за поголемиот дел не знам за што се користат.
- Хаотичен преглед на предметите
- Site home да биде поставен како почетна страница наместо Dashboard
- Видови прашања во испитите – Употреба и користење на различни елементи
- Да се бараат студентите полесно на порталот
- Студентите во мирување и на далечина да се тргаат или да не се поставуваат во самите предмети.
- Прегледувањето на испитите е значително комплицирано.
- Пријавите за испити се збунувачки и комплицирани

По оваа прва сесија за загревање, обучувачот за оваа работилница понуди можности за дискусија меѓу членовите за начините на кои се надминати некои од предизвиците, а дополнително и понуди мислења, совети и технички насоки за надминување на споделените предизвици, односно проблеми.

Резултати од усна евалуација.

- Беа споделени многу корисни информации
- Супер објаснување од обучувачот
- Голем број на информации споделени поврзани со работењето на БАС
- Одговорени многу прашања и решени поголем број на проблеми

Предлози за иден развој и идни обуки:

- Да се воведе систем за поддршка (туторијали, насоки, онлајн)
- Да се воведе софтверот и поедностави работењето на порталот/ите.
- Повик за испит / закажан испит да се појавува до сите пријавени (автоматизирани процеси)
- Почести средби од ваков карактер
- Работилници за различни алатки

**Прилози:**

Фотографии од обучувачките работилници:

ДЕН 1:







Евалвација
Дали се задоволени очекувањата од обуката? На што друго да се посветиме?
???
61 of 63

ДЕН 2:




БАС
БИЗНИС ПЛАН
ИЗРАБОТКА НА БИЗНИС ПЛАН
Тема: зелен бизнис
Во последните неколку години „да се биде зелен" станува сè поатрактивно како бизнис стратегија за компаниите. И сопствениците на домови и корпоративните донесувачи на одлуки бараат иновативни начини за заштеда на пари. Владините политики се сè повеќе насочени кон позелени индустриски бизнис можности. Зелените движења придонесоа и кон производството на органска храна и органска облека за бебиња, производи кои се напојуваат преку соларна енергија или енергија добиена од ветер и голем број начини на рециклирање на материјалите. Еколошките придобивки со намалување на последиците врз животната средина преку екоиновативни проекти и употреба и примена на нови, комерцијално остварливи производи, процеси и услуги се со цел:
• Намалување на ефектот на стаклена градина
• Заштеда во употребата на вода
• Заштеда на електрична енергија
00:44:42
01:42:37


Мои искуства за Ваша идеја
Let's
Talk
01:15:01
01:12:18
fppt.com

ДЕН 3:







**Обучувачи:**

**Проф. д-р Даниела Карадаков**

**Проф. д-р Гордана Тасевска**

**Пред. м-р Иван Ѓорѓиевски**

**ОБУЧУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ**

**Настан:** Обука за наставен кадар на БАС
**Тема:** Групна динамика и практична настава (ТСП)
**Датум:** февруари 2022
**Локација:** Вежбална 2, БАС
**Водители на обуката:** Гордана Тасевска, Горазд Смилевски

## I. ЦЕЛ И КОНТЕКСТ НА ОБУКАТА

Целта на обуката беше подигнување на свеста и јакнење на капацитетите на наставниот кадар во однос на поврзувањето на наставниот концепт на БАС со групната динамика и реализацијата на практична настава – ТСП (Теорија со пракса). Преку теоретски и практични сесии, учесниците добија алатки за подобра интеракција со студентите, градење на поддржувачка групна средина, а истовремено и систематизирање на документите поврзани со ТСП.

## II. ТЕК НА ОБУКАТА

### 10:00 – 10:30 | Вовед во обуката

- Претставување на агендата и цели на обуката
- Очекувања од учесниците
  *Резултат:* Создавање пријатна работна атмосфера, подготвеност за интеракција

### 10:30 – 11:10 | Поврзаноста на концептот на БАС настава со групната динамика

- Разгледување на структурните елементи на БАС настава: ИСС (индивидуален студентски семинар), академски инпут, ПСС (практичен студентски семинар)
- Улогата на тимската работа и синтезата во настава
  *Резултат:* Учесниците идентификуваа начини за практична примена на овие елементи низ групна динамика

### 11:10 – 11:30 | Кафе пауза

### 11:30 – 12:30 | Групна динамика и рапор

- Вовед во темата
- Фази на групна динамика
- Улогата на ситуационо водство

- Концепт на рапор (взаемна доверба и разбирање) во училница
  *Резултат:* Наставниците преку примери од пракса ја согледаа важноста на адаптивниот пристап во наставниот процес

**12:30 – 12:40 | Пауза**

**12:40 – 13:40 | Групна динамика – продолжение и ТСП**

- Симулации на групни ситуации и примери од реални часови
- Вовед во ТСП: форми, времетраење, законски и административни обврски кон МОН
  *Резултат:* Изградена јасна слика за тоа како групната динамика го поддржува процесот на практична настава и обратно

**13:40 – 14:20 | Закуска**

**14:20 – 15:20 | Документација за ТСП и партнерски организации**

- Презентација на влезни и излезни документи поврзани со ТСП
- Релации со партнерски организации и улога на БАС менторите
  *Резултат:* Систематизирани документи и добиен преглед на досегашната мрежа на соработка

**15:20 – 15:30 | Пауза**

**15:30 – 16:30 | Досегашни искуства и предизвици**

- Споделени искуства од студенти и ментори
- Идентификување на типични предизвици во ТСП
- Поврзување на наставната содржина со реалната пракса (ТСП)
- Синхронизација меѓу професори и ментори, проектни извештаи и ТСП
  *Резултат:* Идентификувани 5 клучни точки за унапредување на ТСП

**16:30 – 17:00 | Евалуација и исполнети очекувања**

- Пополнување на евалуациски прашалник

- Групна рефлексија за тоа кои очекувања се исполнети
  *Резултат:* Високо задоволство од практичноста на обуката; предлози за следни теми

**III. ЗАКЛУЧОК**

Оваа обука претставуваше интеграција на клучни дидактички и практични теми – групната динамика и ТСП, кои се основа на образовниот модел на БАС. Учесниците изразија подготвеност за примена на стекнатите сознанија во тековната и идната настава, како и иницијатива за понатамошно усогласување на ТСП со наставната програма. Се препорачува континуитет на вакви обуки со поголема вклученост на ментори од партнерските организации.




КАКО ДО
зелен бизнис?
Производство на енергија од обновливи извори
Зелена мобилност и транспорт
Паметни градби
Циркуларна економија
Управување со отпад и
Рециклирање
Зелено производство
Зелен покрив, ботанички градини, еко-култивирање
Проценка на јаглероден отпечаток
Аквапоника и хидропоника

# ИЗВЕШТАЈ за одржаната работилница ДЕАН 1 во Битола

Место на реализација: Битола

Време: 8.00 – 15.00

Од воведниот дел учесниците на обуката на прашањето: Што ме мачи?, ги истакнаа следните ПИП –ови:

1. Портал
2. Креирање тестови
3. Ниска заинтересираност при работа со исс и псс
4. Теорија – пракса
5. Интернет – портал – linux
6. Носење на мобилни
7. Креирање на испитни прашања
8. Слаб квалитет на проектни извештаи
9. Неактивност кај студентите
10. Методолошки пристап кон ПИ од вонредните студенти
11. Начин на оценување
12. Недоволно презентирање на студентите на нивните проектни извештаи
13. Флексибилност на временската рамка на закажување на средбите со ПДС
14. Осипување на студентите од I во III година
15. Лоша изработка на презентации

Учесниците активно работеа на ИСС, од која ги открија позитивните и негативните аспекти на делување на наставникот пред, за време и по наставниот процес, како и законскита регулатива околу тоа.

Академскиот инпут 1 и 2 беа интерактивни. Многу од нив беа новини за наставниците и затекнати во новонастанатите промени, прашуваа, се интересираа и ветуваа.

Во текот на академскиот инпут беа реализирани содржини кои ќе ја олеснат работата на наставниците во текот на семестарот.

ПСС беа реализирани во три групи. Секоја од групите на многу креативен начин судеа и донесуваа креативни одговори. Очигледно беше дека во студиите на случај се пронајдоа дел од нив.

Во делот на дискусија и синтеза, наставниците го зголемија својот дијапазон на знаење и споредувајќи ги искуствата од институциите од каде што доаѓаат, сметаат дека промените во Законот за високо образование, ја наметнаа потребата истите да се претворат во административни работници. Во делот на обуката што се однесуваше на корисноста на ИСС, ПСС и образовниот портал, наставниците ја искажаа корисноста од содржините и за нив преставување потсетување на обврските и одговорностите.

При евалвацијата на работилницата можеше да се согледа дека голем број од очекувањата им се исполнети, односно добиен е одговор на ПИП –овите: Што ги мачи?


оговиво
ионалната
нковна
дивидуата
на малите нешта
тувањата
очекувањата
и интегритет
ње кога правите повлекување
та и законите на животот
можности
Pelikan
Pelikan


ЛИЧНОСТ
Личност
КОМУНИКАЦИЈА
Комуникација
ОТПОР КОН ПРОМЕНИ
НЕДОСТАТОК НА САМОРАЗВОЈ
„НЕ Е МОЈА РАБОТА“
ПОТЦЕНУВАЊЕ
Одбивање на решенија


02/ 2455 754
047/ 225 218
info@bas.edu.mk
www.bas.edu.mk
ГОРДАНА
ТОНИ

# ОБУЧУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ

**Обука:** ДИДАКТИКА НА ЕФЕКТИВНАТА АКАДЕМСКА НАСТАВА - ДЕАН

**Обучувачи:** Цветко Смилевски, Горазд Смилевски, ,Гордана Тасевска

**Дата:** 1-3 февруари 2024

**Клиент:** Постојано вработени, хонорарци,соработници и потенцијални кандидати на БАС.

**Место:** Битола

**Број на учесници:** 16

### Вовед во обуката

Обуката започна со претставување на програмата по која ќе се работи со групата како и значењето и потребата од ваков тип работилница , а потоа следуваше претставување и од страна на обучувачите и обучуваните. Потоа се премина кон поставување на правилата за тимска работа за време на сесиите кои учесниците едногласно ги прифатија.

По поставувањето на правилата, на учесниците им беа претставени улогите при тимска работа (реализатор, администратор, набљудувач и интегратор), а потоа исите беа доделени.

По завршувањето на овие две работи кои всушност претставуваат вовед во тимско работење, обучувачот како алатка за одмрзнување на групата им постави прашање за нивните очекувања од оваа обука.

Очекувања од обуката

- Подобрување на претходните способности
- Размена на искуства со колегите
- Поголемо меѓусебно запознавање
- Стекнување на нови знаења кои би можеле да се применат кај студентите
- Надградување на знаењата
- Учење на нови принципи на работа
- Сплотеност на разликите

### Тек на обуката

Во текот на останатите сесии од обуката беше разгледувана мисијата на БАС. Учесниците ја ревидираа изјавата од која подоцна произлезе модел на интересенти и нивна меѓусебна сплотеност во исполнување на истата .

Во третата сесија дадени беа принципите и алатките за надоградување на една личност,како и потребата на MBTI тестот. Сите присутни го пополнија тестот и ги добија соодветните карактеристики на личност. Следуваше опис и анализа на 16те типови личност.

Во сесија четири и пет обучувачот го опиша Колбовиот модел  на искуствено учење. Наредната сесија преку интерактивна работа во групи обучуваните ги воочија компентенциите на оперативниот менаџер преку изучувањето на наставните предмети во полето на општо стручните и задолжителните предмети.

Сесија девет беше наменета за запознавање ви продлабочување на знаењата  сите видови настава во БАС (ПДС,ДДС редовни и вонредни ), синергирање ,далечински учење.

Во сесија десет обучуваните адаптираја еден вид настава според потребите на соодветен наставен предмет. Наредната сесија беше насочена кон видовите стратегии  на учење (ИСС,АС,ПС) нивната методика на концептуализација.

Преку вежба,со посебен акцент беше обработена ПСС како битна компонента на една наставна средба.

Наредните сесии беа насочени кон подобрување на концептот на креативност на наставните средби  преку објаснување на стратегијата на играње улоги. Потоа присутните преку снимен видео материјал од нивната вежба во која се најдоа во улоги на преговарачи и ги истакнаа значајните компоненти на ваков тип на стратегија на учење.

Академскиот инпут,исто така е значајна компонента во реализација на една наставна средба. Обучуваните на ниво на група спремија академски инпут,секој гледано од своја агол и сопствена креативност.

Наредните две последни сесии од тридневната работилница беа наменети кон воочување на лоши и добри прашања во нивното формулирање при изготвување на тестовите. Добрите прашања беа приоритетни,а лошите преформулирани.

### Затворање на обуката

Обуката заврши со осврт на сработеното и остварување на очекувањата. Следуваше разгледување на секој учесник кон точки на подобрување на истата работилница  ако повторно би се одржала

- презаморно,без кислород
- премногу
- порелаксирано
- повеќе водење дискусија
- потреба од присуство на ментори
- знаењето на  типологијата на личноста во работењето на тимови


ПИП-ови
за информации
регулатива
за наплата
локална
дисциплина
изгубена директна
комуникација со АВРМ
(ел. комун.)
(нема интерес кон ел.
од стр. на АВРМ)


КАКО ДО
зелен бизнис?
Производство на енергија од обновливи извори
Зелена мобилност и транспорт
Паметни градби
Циркуларна економија
Управување со отпад и компостирањ
Рециклирање
Зелено производство
Зелен покрив, ботанички градини, еко-култивирање
Проценка на јаглероден отпечаток
Аквапоника и хидропоника

